ОУ „СТИВ НАУМОВ“ - БИТОЛА

# Составни независносложени реченици

## КОИ РЕЧЕНИЦИ ГИ НАРЕКУВАМЕ СЛОЖЕНИ?

Наставник: МАГДАЛЕНА САЈКОВА
magdalena.sajkova75@gmail.com

**Сложената реченица** е синтаксичка единица која содржи **најмалку два прирока**. Одделните реченици во рамките на сложената реченица се викаат **дел-реченици**.

## ! Независносложени

- Двете реченици се во **независен** однос

## ! Зависносложени

- Едната реченица **зависи** од другата

1. ПОСОЧИ САМ/А ПРИМЕР ЗА СЛОЖЕНА РЕЧЕНИЦА:

2. ОПРЕДЕЛИ ЈА ЗАВИСНОСТА ВО СЛЕДНИВЕ РЕЧЕНИЦИ:

- Јас секој ден јадам овошје, а малку пијам вода.
- Овошјето е за јадење, кога ќе е целосно зрело.
- Во мојот дом се јаде многу овошје, сигурно ќе бидеме здрави.

3. Што заклучи**?**



## Брзинска задача:

Состави сам/а сложена реченица и размени ја со другарчето до тебе!

На кој вид реченици им припаѓаат вашите примери?

Сподели со кревање рака!

## Видови независносложени реченици

- Составни
- Спротивни
- Разделни
- Исклучни
- Заклучни

# СВРЗНИЦИ ЗА НЕЗАВИСНОСЛОЖЕНИТЕ РЕЧЕНИЦИ

| | |
|---|---|
| **СОСТАВНИ** | И; НИ; НИТУ; ПА; ТА; НЕ САМО ШТО – ТУКУ И |
| СПРОТИВНИ | А, НО, АМА, ТУКУ, АМИ, МЕЃУТОА |
| РАЗДЕЛНИ | ИЛИ, ИЛИ-ИЛИ, БИЛО-БИЛО, ДЕ-ДЕ, И-И, ЕМ-ЕМ, ЧАС-ЧАС, НИ-НИ |
| ИСКЛУЧНИ | САМО, САМО ШТО, ОСВЕН ШТО, ЕДИНСТВЕНО |
| ЗАКЛУЧНИ | ЗНАЧИ, ВЕРОЈАТНО, СИГУРНО |

# 1. Составни независносложени реченици

- Составните реченици најчесто соопштуваат **напоредни дејствија**, онакви што се **одвиваат во исто време**, а дел-речениците се одделуваат со запирка и сврзникот И :

Пр.: Јадам, пијам и не излегувам од дома.

Дејствијата во речениците може да се одвиваат :
- едно по друго;
- да произлегуваат едно од друго;
- да имаат спротивен однос, но ако се сврзани со наведените сврзници – тие се составни.

Примери:

- Ќе јадам малку, па ќе си играм.
- Не бев на училиште и не знам што учевме.
- Ми се одеше во паркот и излегов.
- Не само што ќе одам на кино туку и ќе купам пуканки.

**ВАЖНА ЗАБЕЛЕШКА**: Според правописот, составните реченици со сврзниците *и, ни, ниту*, и со составот *не само што – туку и*, не се одделуваат со запирка. Исклучок е кога сврзникот и воведува заклучок (Не знаев ништо, и професорот ми стави единица.).

Пред сврзниците *па* и *та* обично се пишува **запирка.**

# ШТО НАУЧИВМЕ?

- КОИ РЕЧЕНИЦИ ГИ ВИКАМЕ **СОСТАВНИ?**
- КОИ **СВРЗНИЦИ** ГИ КОРИСТАТ**?**
- ДАЛИ МОЖЕ ДА **НЕ СЕ КОРИСТАТ СВРЗНИЦИ?**
- НАБРОЈ УСНО НЕКОЈ **ПРИМЕР!**



# БРАВО!

- СЕГА ЗНАЕШ И ЗА НЕЗАВИСНОСЛОЖЕНИТЕ РЕЧЕНИЦИ
- ЗА ДОМА ЗАВРШИ ГИ **ВЕЖБИТЕ ОД ЧИТАНКАТА**
- ПРОВЕРИ СИ ГИ СО ДРУГАРЧЕТО
- ДОНЕСИ ГИ НА ***СЛЕДНИОТ ЧАС***



ВИ БЛАГОДАРАМ,
МАГДАЛЕНА САЈКОВА